ФИЛОЗОФСКА ТРИБИНА, 37, бр. 15, стр. 185-194, пролет 2014

УДК: 179.3

# РАЃАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА БИОЕТИКА

(Кон книгата *Fritz Jahr i rađanje europske bioetike* од Rinčić Iva и Muzur Amir, Pergamena, Zagreb, 2012)

**Марија Тодоровска**

Во време на доминација на „американската“ или „Потеријанска“ биоетика, истражувањето на Ива Ринчиќ и Амир Музур на европските корени на биоетиката покажува дека Фриц Јар може да се смета за првиот „метафизички“ биоетичар; дека Потеријанската биоетика е подоцнежна, но и различна развојна линија; и дека двете традиции се комплементарни. Ринчиќ и Музур не се обидуваат да покажат дека европската биоетика е постара, а поради тоа и супериорна или подобро прилагодена на вртоглаво напредувачкиот технологизиран свет. Поскоро, тие се обидуваат да понудат инаква ориентациска рамка, сосема во духот на големиот проект на биоетиката во дваесет и првиот век – да биде премин од плурализам на перспективи кон интегрирано знаење.

Книгата *Фриц Јар и раѓањето на европската биоетика* е резултат на долгогодишно откривање на аспекти од интелектуалното творештво на германскиот теолог и учител Фриц Јар (1895-1953), кое почнува да се гради од неговото родно место, Хале (Halle, поточно, Halle an der Saale), а потоа и следејќи ги клучните точки од неговиот живот. Јар, откриваат Ринчиќ и Музур, може со право да се смета за еден од првите биоетичари, благодарение на тоа што во текст од 1926 година за прв пат го употребил изразот „биоетика“. Во неговиот следен текст, “Bio-Ethik. Eine Umschau über die ethischen Beziehungen des Menschen zu Tier und Pflanze” („Биоетика: осврт на етичкиот однос на

човекот со животните и растенијата“), објавен во 1927 година во списанието *Kosmos, Handweiser für Naturfreunde*[1] ги опишува и принципите на дисциплината. До пред помалку од дваесет години се верувало дека американскиот биохемичар Ван Ранселар Потер (Van Rensselaer Potter, 1911-2001) бил првиот кој го употребил терминот „биоетика“, прво во текстот “Bioethics: a Science of Survival” („Биоетика: наука на преживување) од 1970 година, а потоа и во мeѓникот на дисциплината, неговата книга *Bioethics – Bridge to the Future* (*Биоетика – мост кон иднината*), каде ја изразува неговата загриженост за сè поголемата дехуманизација на науката, како и потребата за заштита на природните ресурси, заедно со подоброто разбирање на неопходноста за одржување на рамнотежата на еко-системот и штетата што би требало да биде превенирана. Идејата на Потер, што важи до денес, е дека „биоетика“, како спој на „био(лошки) науки“ и „етика“ е наука што служи како мост меѓу природните и хуманистичките науки, а и меѓу минатото и технологизираната иднина. Но, во 1997 година, на конференција во Тибинген, професорот Ролф Летер (Rolf Löther) од Универзитетот Хумболт го споменал името на Фриц Јар, како автор на кованицата „биоетика“ во дваесеттите години од дваесеттиот век. Откритието за Јар потоа набрзо се проширило низ светот, благодарение на германски, на латино-американски и на хрватски биоетичари. Во првата деценија на овој век, германскиот истражувач Ханс-Мартин Зас (Hans-Martin Sass) од Кенеди Институтот за етика при Универзитетот Џорџтаун спровел екстензивно истражување за Фриц Јар. Уште по прелиминарното истражување станало јасно дека концепциите за биоетиката на Јар и на Потер се комплементарни: додека Јар ја осмислува кованицата „биоетика“ и го развива концептот на дисциплината поаѓајќи од bios, од животот, поврзувајќи ја етиката со животот не само на луѓето, туку и на животните и на растенијата, Потер етиката ја поврзува со науката. Затоа може да се симплифицира: Јар има метафизички, а Потер научен став во формирањето на биоетиката. Авторите уште во *Предговорот* забележуваат дека биоетиката е толку широкоопфатна, што не може да се смета за наука во поперијанска

[1] Авторите се имаат погрижено на насловната страница на книгата да поместат фотографија од насловната страница од овој број на списанието *Kosmos*.

смисла (дури и самиот Потер кон крајот на животот претпочитал да ја смета за религија), затоа што не се заснова на докази, а со оглед на „сомнителната хиперпродукција и клишеизирани публикации, во тој случај можеби биоетиката не би ни требала да биде сметана за наука" (стр. 13-14). Но, допуштаат Ринчиќ и Музур – како и да биде сфатена, биоетиката кон крајот на дваесеттиот век се има профилирано како значајно движење. Биоетиката мошне рано се ориентирала кон медицински теми, ограничена со логиката и приоритетите на американската кулутра, обидувајќи се прагматично да одлучува за нешта кои се недоречени, сведувајќи се на кревки „пакети на принципи". Ова, пак, довело до потребата за европеизација, како начин за поврзување со поразновидната и побогата европска култура на перспективи. Значењето на повторното откривање на Јар е и во тоа што без неговата идеја за биоетиката, до некаде слична на таа на Потер, а сепак, толку различна, овие обиди за поврзување ќе беа останале на ниво на методолошки интересни потфати, без подлабоко разбирање.

Неговото формулирање на биоетичкиот императив, инспириран и разработен од Кантовиот категорички императив послужило како прв концепт за новата дисциплина. Јар, всушност, го прифатил и го проширил Кантовиот категорички императив и на животните и на растенијата. Од антропоцентрички заснованата етика тој се свртел кон широкото сфаќање на bios, не како резултат на интуиција за севкупната меѓусебна поврзаност на животот, како Алберт Швајцер (Albert Schweitzer) во речиси истото време; ниту како производ на длабоко религиозно верување дека сите созданија се меѓусебно поврзани, како св. Фрањо Асишки (st. Francesco d'Assisi) пред многу векови, туку како резултат на поврзувањето на науката со светите списи. Во својот текст од 1927 година, Јар забележува дека психологијата веќе се има проширено и на психологија на животните, и дека се забележуваат назнаки и за психологија на растенијата. Јар поаѓа од концепцијата на Ајслер (Eisler) за „био-психологија" ("Bio-Psychik"), во која било покажано дека во контекстот на научното истражување на неговото време, ваквиот неологизам носи силна синергичка порака – поентата била дека токму досегот на науката, производите на прогресивниот и активен човечки ум ќе покажат дека нема стабилна основа за застапување на антропоцентричката позиција. Јар не забо-

рава дека користењето на животните придонело во постигнувањето на позицијата што човекот ја има во светот, но забележува дека токму научниот напредок може да претставува опасност, оставајќи ги луѓето кршливи и зависни од екстерни причини. Филозофијата, според Јар, некогаш водилка на науките, би требало да се гради и на фактите на науката. Науките покажуваат дека строгата поделба на луѓе од една страна и на животни од друга страна е неоснована. Според ова, има само еден чекор од био-психологија до био-етика, во кој се подразбира претпоставката за морална должност не само кон луѓето, туку кон сите форми на живот. Ако Јар се смета за „изумител" на европската биоетика, следејќи го неговиот опус не може да се пропуштат неговите забелешки за одамна постоечката источна филозофија на животот, речиси сосема различна од европската. Всушност, благодарение на опозицијата меѓу Истокот и Западот, биоетичките принципи на Јар стануваат очигледни. Односот кон растенијата и животните на Запад е утилитаристички, тие се потребни и се корисни во контекст на одржувањето и преуспевањето на човекот. Но, Јар се прашува за тоа како Божјата заповед „Немој да убиваш!" ја објаснува врската на човекот и животните. И Светото писмо и природните науки упатуваат кон морална одговорност кон животните. Ако петтата Божја заповед не се однесува само на луѓе, тогаш таа би можела еднакво да се примени и на животните и на растенијата, колку и ова да се чини утопистички. Како додавка на неговото фундирање на биоетиката, Јар го воведува и принципот на милоста, на сочувствието, покрај научните факти за непостоењето на квалитативни разлики меѓу луѓето и животните. Овој принцип не е само некој случаен емоционален или ментален конструкт, туку е научен факт што се појавува како емпириски даден феномен на човековата душа. Затоа, сочувството што се има кон животните е истото што се има кон луѓето, и воопшто не е утопистичко, затоа што чувството на (со)милост се чувствува кон живите суштества, а не само кон одредена група на живи суштества.

Опусот на Јар во неговиот конфликтен живот на „чудак" (како што авторите го нарекуваат) е мошне скромен. Но, неговиот биоетички императив, како неговото најголемо интелектуално достигнување, го враќа вниманието кон животот во најширока смисла, „... станувај-

ќи претходник на анти-специесизмот, екологизмот и бројни други – изми што денес ни се нудат како оригинални и спасоносни“ (стр. 15). Придонесот на Фриц Јар, а и на Ринчиќ и Музур во истражувањето на неговиот живот и публикации, е во потврдата дека преку него се добива импетус на ново промислување на биоетиката. Токму во оваа смисла и може да се говори за за „нова“ биоетика на дваесет и првиот век, или, поспецифично, за новата појава на европската биоетика.

Првиот дел на книгата *Фриц Јар и раѓањето на европската биоетика* започнува со поглавјето „Фриц Јар: скромна реконструкција на еден скромен живот“,[2] во кое има детален приказ на неговиот живот како учител и како протестантски свештеник, заедно со фотографии од значајни градби во Хале поврзани со неговиот живот, како и збирка на факсимили како „отпечатоци на животот“: извадокот од книгата на родените, венчаниот лист, неговото досие во црквата, скапоцени страници на своерачно запишан животопис, додека Јар бил студент на теологија и филозофија во 1919 година, уверување за неговата учителска дејност и за неговиот свештенички статус, и слично.

Вториот дел, „Opera omnia (?) на Фриц Јар“ е можеби најинтересен дел во врска со делото на Фриц Јар, затоа што накратко ги опишува неговите текстови и контекстот во кој биле пишувани, служејќи како увод во неговиот интегрален опус. Овој дел започнува со краток приказ на неговата прва публикација од 1924 година во списанието *Mittelschule: Zeitschrift für das gesamte mittlere Schulwesen* (*Средно училиште: списание за целокупно средно школство*), краток текст околу прашањето за меѓународни вештачки јазици (во него се забележува не само неговата информираност, туку и претпочитањето за користење на есперанто). Вториот текст, објавен во 1926 година, исто така објавен во *Mittelschule*, „Наука за животот и учење за моралот“ (“Wissenschaft vom Leben und Sittenlehre”), се однесува на психологијата која веќе ја признава рамноправноста на животните

[2] Речиси сите поглавја се разработени или доработени веќе објавени трудови на авторите, или пак резултат на работа на други трудови кои ги одвеле во овие насоки. Под секој текст е детално образложена неговата историја: дали се појавува како дополнување на веќе објавен текст, во кој контекст е работен, и во кои рамки и со кои очекувања, што говори како за посветеноста и широкопфатноста на истражувањето на авторите, така и за нивната интелектуална чесност.

со луѓето и во која се формира и контура за разбирањето на растенијата, според што, предлага Јар, и етиката би требало да се прошири на сличен начин. Тогаш се појавува кованицата „био-етика", кога Јар речиси на шега се обидува да го објасни овој премин од антропоцентризам кон општа етика на животот. Јар, резимираат авторите, се повикува на св. Фрањо Асишки, Фридрих Шлаермахер (Friedrich Scheleiermacher), Рихард Вагнер (Richard Wagner), Едуард фон Хартман (Eduard von Hartmann) и други; и го завршува текстот со формулацијата на биоетичкиот императив: „Почитувај го секое живо суштество во принцип како цел по себе, и по можност и постапувај со него како со такво!" ("Achte jede Lebewesen grundsätzlich als einem Selbststzweck, und behandle es nach Möglichkeit als solchen!"). Четвртиот, а според дистрибуцијата и најчитаниот текст на Јар е споменатиот текст од *Космос*. Во петтиот текст, „Смртта и животните: разгледување на Петтата Божја заповед", Јар се прашува за тоа дали навистина ни се животните толку блиски за да можат да бидат третирани рамноправно, и се повикува на извори како старозаветните пророци, филозофи и теолози, и извадоци од германскиот законик. Прашањето за заштитата на животните е предмет и на неговиот следен текст, посветен на заштитата на животните и етиката во нивниот меѓусебен однос, во кој Јар објаснува како (со)милоста кон животните, како дадена појава на душата е единствениот плаузибилен мотив за заштита на животните (авторите забележуваат силно влијание од Шопенхауер (Schopenhauer)). Во текст од 1928 година, „Социјалната и сексуалната етика во дневните весници", Јар го анализира влијанието на етичките ставови благодарение на нивното ширење преку научните публикации и дневните новости. Заклучува дека научните публикации немаат широка публика, а дневните весници ретко се посветуваат на етичка проблематика, но, поради широката дистрибуција не можат да бидат занемарени. Во овој текст Јар не се посветува на партикуларни етички ставови, туку на методологијата на известување. Затоа во следниот текст, „Патеки кон сексуален етос", појдовната теза му е дека сексуалниот проблем е еден од главните проблеми на етиката на нашето време воопшто. Неговиот текст „Два темелни етички проблема во нивната спротивност и во нивната соединетост во социјалниот живот", изразува, според Ринчиќ и Музур

„повторно високо ниво на реалистичност, дефинирајќи го егоцентричниот став како интерес за сопственото јас (zu dem Interesse am eigenen Ich), и нагласувајќи дека не треба да биде занемарен како изворен став (нагон)“ (стр. 49). Овој нагон, според Јар, подоцна станал форма на свесно размислување во борбата за опстанок. Алтруизмот е незамислив без премисата на егозимот, а нивната комбинација е „колективен егоизам“, во кој „јас“ е подредено на системот или државата. Ринчиќ и Музур забележуваат дека комбинацијата на алтруизмот и егозимот кај Јар е во контраст со Кантовиот „чист ум“, и дека тој нагласува дека тие не се ниту непомирливи, ниту антиподи. Во следниот текст, „Диктатура на светогледот или слобода на мислата? Размислувања за либералното формирање во наставата на светогледот“, Јар на мошне слободоумен начин наведува десет принципи на „либерализмот“ и „демократизацијата“ при развивањето на светогледот во училиштата. Силен акцент е ставен на разгледувањето на различните перспективи (Gesinnungeinstellungen), што би можело, забележуваат авторите, да се смета за повеќедецениска антиципација на интегративнобиоетичкиот плуриперспективизам на хрватскиот етичар Анте Човиќ (Ante Čović), а со тоа и на активната хрватска школа за интегративна биоетика. Во текстот „Децата и техниката“ говори за наводната „техничка талентираност“ на младите генерации, забележувајќи дека кај младите се работи за формален, а не содржински напредок. Проблемот на задгробниот живот Јар го разгледува во „За животот после смртта: според делото *Didactica magna* на Ј.А. Коментиус“. Во десет точки во текстот „Нашиот сомнеж во Бога: субјективни мисли за некоја туѓа тема“, Јар нуди „докази“ на верата, односот на верата и науката, значењето на љубовта и слично, за да дојде до заклучокот дека сомневањето во Бога е бесмислено. Во „Две студии за Петтата Божја заповед“, тој се враќа на биоетичкиот императив, подетално образложувајќи го како надградба на Кантовиот категорички императив, евангелското Златно правило, односно *Основите на моралот* на Шопенхауер. Во периодот меѓу 1934 и 1935 година, Јар објавува пет текстови, што го прави овој период најпродуктивен во неговиот живот. Се работи за текстови посветени на: верата во постоењето „отаде“ и етиката во христијанството; социјалното значење на неделниот ден; сомне-

вањето во Исус (според *Парсифал* на Вагнер); етички размислувања во врска со интрацрковните верски борби; и верата и дејствувањето во нивната спротивност и во нивното соединување. Неговиот следен објавен текст е посветен на егзегеза на *Посланието до Коринтјаните*. Претпоследниот текст (според податоците со кои се располага во 2012 година), мошне цитиран на интернет страници во последните години, е уште едно истражување на важноста на неделниот ден, но овој пат во контекст на тогаш актуелниот нацрт за новиот (источно)германски Устав. Ринчиќ и Музур се заслужни за пронаоѓањето на овој текст, како и за потврдувањето на неговата автентичност во која се сомневал и самиот Зас. Зас, пак, е заслужен за пронаоѓањето на последниот познат текст на Јар, во кој Јар говори за Исусовата заедница (communione), која, како вистинска и изворна, според идеите ја споредува со социјализмот на деветнаесеттиот и на дваесеттиот век, критикувајќи ја алиенацијата на Црквата. Скапоцениот придонес на Ринчиќ и на Музур е што во ова издание, во третиот дел, „Собрани трудови на Фриц Јар“ се поместени сите собрани текстови на Јар, во извонреден превод од германски јазик на Музур, заедно со додаток на хронологијата на објавување и детаљи за списанијата во кои биле објавувани (стр. 188-295).

После „Opera omnia“ авторите даваат краток осврт на пиетизмот и едукацијата во делото на Јар, преку неговите ставови за образованието, за пиетистичките принципи на едукацијата и на неговите ставови спротивставени на тие на Франке (Francke). Потоа, како додаток на внимателно изработената листа на влијателни фигури за Јар (стр. 53-57), заедно со дијаграм на можните влијанија (стр. 58), пошироко за задржуваат на Игњаз Брегензер (Ignaz Bregenzer), неговите ставови за животинската етика, и неговото влијание врз Јар (стр. 71-76).

Во вториот дел од книгата, „Второто раѓање на биоетиката“, авторите започнуваат со краток осврт на Потеријанската концепција за биоетиката; за да поминат на историјата на биоетиката и на биоетичката институционализација во Европа до откривањето на Фриц Јар, каде наведуваат конвенции и принципи од областа на биоетиката развивани во инситуционални рамки. Уште еден скапоцен додаток е резимето на кратката историја на биоетиката во Хрватска, со оглед на тоа што хрватската биоетичка школа е во моментот најактивна и

најинвентивна школа во Европа. Почнувајќи од тоа како биоетиката прв пат стигнала во Хрватска, авторите нудат беспрекорна библиографија по автори и серијали, заедно со коментари за контекстот на публикации и развој. Понудена е и шема на развојните фази на биоетиката во Хрватска (стр. 120-121), сè до „новите ветришта" околу 2008 година и периодот после 2010 год. и интензивното откривање на Јар.

Следниот текст е за откривањето на Јар и ширењето на неговите идеи, преку извонредно информативна содржина за неговото распространување, заедно со навод на сите релевантни трудови и автори и со хронолошка реконструкција на ширењето на откривањето на Јар од 1997 до 2007 година.

Во наредниот текст авторите го истражуваат префиксот „био" во контекст на (не)оправдување на биоетиката, преку темелно истражување на сите први пати кога префиксот бил споен со име на наука/дисциплина (табели на стр. 144-146). Ова го прават во обид да покажат на недефинираноста и на неможноста за еднозначно дефинирање на биоетиката.

„Отворените прашања на џорџтаунската биоетика и хипотетските одговори на Јар на нив" е текст во обид да ги наведе многубројните точки што ја компромитираат „американската" („џорџтаунска") биоетика како дисциплина и да го покаже општиот впечаток дека таа веќе долго време поминува низ криза. Поради овие недостатоци, очигледно е дека е потребна нова теориска и практична платформа, за чие фундирање Јар несомнено би можел да помогне. Во следните два текста авторите ја опишуваат интегративната биоетика (на хрватската плурипперспективистичка школа) како потврдена со Јар; и нудат можни предвидувања на иднината на биоетиката преку различните сфаќања на нејзиниот развој.

Како додаток авторите ја имаат поместено *Риечката декларација за иднината на биоетиката* од осум точки, потпишана во Риека/Опатија, на 12 мај 2011 година од седумнаесет етичари, филозофи, лекари. Декларацијата е поместена на англиски, хрватски, германски, грчки, португалски, шпански, француски и македонски јазик.

После преводот на осумнаесетте текстови на Јар се поместени користената литература, резиме на хрватски и на англиски јазик и индекс на имиња.

Според тоа, книгата *Фриц Јар и раѓањето на европската биоетика* претставува особено значаен додаток на опсежните истражувања, како на авторите Ринчиќ и Музур, така и на целата енергична и посветена хрватска интегративнобиоетичка школа. Податоците изнесени на јасен и извонредно темелен начин ќе помогнат во подобро разбирање на изворите на нам најблиската биоетичка традиција, и ќе послужат за понатамошни размислувања за животот во најширока смисла, како и за позицијата на човекот во светот.